

TIKVEŠ

SINCE 1885

# Годишен

## извештај

## 2022

# СОДРЖИНА


## Introduction ........ 5

MESSAGE FROM THE PRESIDENT OF THE MANAGEMENT BOARD ........ 6
MESSAGE FROM THE CHIEF EXECUTIVE OFFICER ........ 8
MESSAGE FROM THE CHIEF FINANCIAL OFFICER ........ 9
MESSAGE FROM THE CHIEF ENOLOGIST ........ 10
ABOUT THIS ANNUAL REPORT ........ 12
TIKVEŠ BRIEFLY (2022) ........ 13
NUMBERS ........ 13
SHORT STATEMENTS ........ 13

## About the Company ........ 17

COMPANY PROFILE ........ [illegible]
MISSION ........ [illegible]
VISION ........ [illegible]
CORE VALUES ........ [illegible]

## Highlights ........ [illegible]

FINANCIAL PERFORMANCE AND KEY METRICS ........ 26
  Key Financial Highlights for 2022 ........ 26
SUPPLY CHAIN AND LOGISTICS ........ 27
PROJECT MANAGEMENT AND QUALITY CONTROL ........ 29
  Key Investments in 2022 ........ 29
  Quality Control ........ 29
  ISO Certificates ........ 29

## Reports ........ 31

FINANCIAL AND OPERATIONAL REPORT AND PERFORMANCE ........ 32
SALES AND MARKETING REPORT ........ 36
  New Products And Packaging ........ 36
  Sales Activations And Promotions ........ 39
  Catering ........ 40
  Events ........ 42
  Participation at Wine Exibitions ........ 43
  Sponsorships ........ 44
  Tikveš Events ........ 45
  Digital Marketing Activities ........ 47
  Awards And Accolades ........ 48

## Industry Trends and Outlook ........ 49

E-COMMERCE GROWTH ........ 50
PREMIUM WINES AND SPARKLING WINE ........ 50
LOW-ALCOHOL AND ALTERNATIVE WINES ........ 51
ECONOMIC CHALLENGES AND CONSUMER SENTIMENT ........ 51
SUSTAINABILITY AND ORGANIC WINE ........ 51
EMERGING MARKETS AND NEW CONSUMERS ........ 51
INNOVATION IN WINEMAKING ........ 51

## Tikveš Going Forward ........ 53

## Financial Reports ........ 57



# Вовед

# Вовед

## ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

По завршување уште една успешна година, со гордост ви го презентирам Годишниот извештај на Винарската визба Тиквеш. Како претседател на Управниот одбор бев сведок на нашата издржливост, решителност и непоколеблива посветеност на извонредност во секој сегмент од работењето, во средина што постојано се менува. Во 2022 година, се соочивме со невидени предизвици предизвикани од пандемијата, енергетската криза и економските последици од војната во Украина. Нашата способност да се приспособиме, да се трансформираме и да инвестираме во развојот не само што нè одржа, туку и нè поттикна напред.

Едно од нашите главни достигнувања е иницирањето на имплементација на Систем на апелација (Географски ознаки и стандарди) во македонското винско производство со поддршка на Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ). Преку мојата улога како претседател на „Вина од Македонија", бев горд што го сведочев почетокот на развојот на функционален систем на заштитени географски ознаки, во согласност со заедничката земјоделска политика на ЕУ. Оваа иницијатива ги зајакнува техничките и организациските капацитети на македонскиот вински сектор, обезбедувајќи конзистентност во квалитетот на грозјето и поттикнувајќи партнерства меѓу лозарите, производителите на вино и јавните институции.

Регионалната соработка е од суштинско значење за нашиот успех и поголема независност. Гледаме подалеку од вообичаената театралност на политичките лидери, кои промовираат регионална соработка како одговор на сите економски проблеми. Веруваме дека регионалната соработка може да биде вистинска алатка за одговор на кризи, која може да им помогне на земјите да се соочат и да ги надминат проблемите заедно. Затоа, императив е да се воспостават ефективни регионални институционални и функционални механизми за соочување со глобалните неизвесности, привлекување странски инвестиции и зајакнување на нашите економии. Ние го препознаваме потенцијалот на регионалниот туризам и придобивките од економиите од обем што можат да се постигнат во овој сектор преку здружување. Веруваме дека тие ќе придонесат за нашата целокупна конкурентна предност на светската сцена.

Нашата посветеност на еколошката одржливост нè поттикна да ја започнеме најамбициозна иницијатива досега – да станеме првата зелена винарница во регионот која имплементира ESG-стандарди. Како прва винарница од Балканот што аплицираше за членство во елитниот меѓународен клуб на еколошки одржливи винарници (International Wineries for Climate Action), иницијатива што има за цел да ја декарбонизира глобалната винска индустрија до 2050 година, посветени сме на намалување на емисиите на јаглерод насекаде преку пристап заснован на наука. Нашето прво вино од органско грозје е само почеток, бидејќи се стремиме да станеме 100% зависни од обновливите извори на енергија, откако веќе инсталиравме капацитет од 1.6 мегавати. Ни претстои многу работа во лозјата и во управувањето, но ентузијасти сме за зелената иднина.

И покрај негативните трендови какви што се одливот на работна сила, инфлацијата и зголемената цена на енергијата, ВВ Тиквеш самоуверено прави структурни и технолошки промени како одговор за решително соочување со овие предизвици.

На крајот, би сакал да изразам благодарност до нашите акционери, партнери и вработени за непоколебливата поддршка и посветеност. Заедно поминавме во овие предизвикувачки времиња и излеговме посилни од кога било. Со нетрпение ги очекувам предизвиците што ни претстојат додека продолжуваме да ја одржуваме нашата традиција на извонредност во производството на вино. Сигурен сум дека нашето позитивно влијание врз винската индустрија, регионот и планетата ќе биде трајно.




**Светозар Јаневски**
*Претседател на Управен одбор,*
*ВВ Тиквеш АД Кавадарци*

# ПОРАКА ОД ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР

Додека ги креваме чашите за да прославиме уште една успешна година, со голема гордост и благодарност ги споделувам со вас најважните моменти од годишниот извештај за 2022 година, интегриран преглед на нашето корпоративно управување и активности. И покрај многубројните предизвици, посветеноста и страста на нашиот тим го поттикнаа Тиквеш кон нови височини во светот на производството на вино, зајакнувајќи ја нашата позиција како „Светилник на балканската извонредност“, како што ја опиша Керолин Гилби, познат вински критичар со титула „master of wine“, во нејзината статија во винскиот магазин „Decanter“ од октомври 2018 година.

Во 2022 година постигнавме рекорден обем на производство и продолживме во нашата мисија да ја водиме трансформацијата на балканската винска индустрија. Нашите основни вредности и цел останаа непроменети додека нашите деловни стратегии и практики се приспособуваа на светот што постојано се менува. Оваа динамика му овозможи на Тиквеш да стане елитна винска институција, која постојано се менува и успева да постигнува позитивни долгорочни перформанси.

Имплементацијата на ESG (Environmental, Social & Governance) стандардите е длабоко вградена во нашата стратегија и веќе влијае врз оперативното одлучување во компанијата на секое ниво. Тиквеш формира проектни тимови одговорни за вклучување на вработените во обемниот проект за ESG-имплементација. Целта е компанијата да добие подобрена ефикасност, вработените да уживаат поголема еднаквост и подобри примања, потрошувачите да имаат пристап до органски и биодинамички производи, а сите да имаат корист од намалените емисии на $CO_2$. Додека работиме на декарбонизација, преземаме конкретни чекори за спроведување, мерење и известување за остварување нашите ESG-цели. Нашиот следен годишен извештај ќе содржи и Извештај за одржливост на нашите операции.

Наша долгорочна цел е диверзификација на продажбите на повеќе пазари и зголемување на процентот на извоз во вкупната продажба, со цел намалување на зависноста од домашниот пазар. Го гледаме регионалниот пазар како територија со најголем потенцијал за одржлив и брз раст, со оглед на силната свест за брендот „Тиквеш“ и препознатливоста на квалитетот. Стратегијата за диверзификација на пазарите ни помогна да го дисперзираме ризикот по негативните влијанија на пандемијата, енергетската криза и инфлацијата и поефикасно да се движиме напред.

Главните тактики вклучуваат ефективни промотивни активации на основните брендови на Тиквеш, инвестирање во партнерства со клиентите и, што е најважно, инвестирање во нашиот тим.

Промовирајќи ги автохтоните сорти на грозје што традиционално се одгледуваат во Македонија, нашата цел е да создадеме повеќе можности за лозарите и за земјоделските работници во руралните области, директно придонесувајќи за развојот на туризмот и на традиционалниот синџир на производство на храна. Настапувајќи обединето со другите винарници од регионот, целиме да направиме позначајно влијание врз глобалната сцена, покажувајќи го огромниот туристички потенцијал на регионот.

Ќе продолжиме да го подигаме брендот „Тиквеш“ и свеста за потенцијалот на регионалната винска индустрија како целина. Ви благодариме за поддршката. Без неа би било невозможно да дојдеме до уште една година на раст и интегрален развој.

**Радош Вукиќевиќ**
*Генерален директор, ВВ Тиквеш АД Кавадарци*



# ПОРАКА ОД ФИНАНСИСКИОТ ДИРЕКТОР

Нашата посветеност на долгорочен здрав финансиски раст е очигледна преку високите перформанси што ги демонстриравме во изминатата година, и покрај предизвиците што ги донесе глобалното нарушување на синџирот на снабдување, зголемувањето на цените на енергијата и инфлацијата.

Винаријата „Тиквеш“ доживеа извонреден финансиски успех во 2022 година, при што вкупните приходи пораснаа за 39 %, пред сè од продажбата на странските пазари. Нето-добивката на компанијата пред оданочување се зголеми за 26,5 %, а EBITDA забележа раст од 20,7 %. Ефикасното користење на капиталот, доведе до подобрување на повратот на средствата и користениот капитал, што резултираше со повисока вредност за акционерите. Нивоата на задолжување останаа ниски, со висока стапка на самофинансирање, што дополнително придонесе за финансиската сигурност и кредитната способност на компанијата. Иако показателите за ликвидност забележаа благ надолен тренд поради значителните инвестиции направени во текот на годината, циклусот на конверзија на готовина беше намален, што го потенцира поефикасното управување со средствата. Показателите за ликвидност забележаа благ надолен тренд поради значителните инвестиции направени во текот на годината, но генерално, финансиските перформанси на Винаријата Тиквеш останаа силни.

Нашата стратегија за обезбедување навремени плаќања за висококвалитетно грозје и приоритетизирање на поддршката на лозарите ни овозможи да одржиме ликвидност и стабилен профит и продажба преку диверзификацијата на пазарот и портфолиото на производи.

Одејќи напред, Винаријата Тиквеш ќе продолжи да се фокусира на оптимизирање на своите перформанси и одржување на финансиската стабилност. Клучен дел на нашата стратегија е поттикнување силни, долгорочни и заемно негувани односи со стратешки важните добавувачи. Винаријата „Тиквеш“ е подготвена да плати високи цени, но само за врвни производи, осигурувајќи се дека ги одржуваме највисоките стандарди за квалитетот на нашите вина. Со негувањето на овие односи и инвестирањето во најдобрите материјали, веруваме дека нашата компанија ќе продолжи да напредува и да создава вредност за нашите засегнати страни.

Ја цениме Вашата постојана поддршка и уверени сме во нашата способност да им обезбедиме одржлива вредност на нашите акционери и партнери во годините што доаѓаат.

**Јане Јаневски**
*Финансиски директор, Винарија Тиквеш*



# ПОРАКА ОД ГЛАВНИОТ ЕНОЛОГ

Во текот на 2022 година реализиравме рекорден откуп на винско грозје во износ од 32,2 милиони килограми. Нашата непоколеблива посветеност на квалитетот резултираше со зачувување на високите стандарди во производството, императив од кој не отстапуваме. Тимот на Тиквеш со години одлуките за бербата ги носи врз основа на темелно следење на лозјата и наодите од лабораториските и сензорните анализи, што придонесува кон правење подобри прогнози и носење одлуки за поголема ефикасност во бербата.

Во 2022 година ја модернизиравме структурата на нашиот лозарски сектор, кој стана директно одговорен за планирање на подигањето нови лозови насади и за стратегиско и оперативно управување со лозовите насади на нашите стратешки кооперанти. Нашата цел е да го синхронизираме растот на земјоделски единици со кои соработуваме со растот на Тиквеш, не само во однос на физичкиот обем на производство туку и во однос на сортите што ќе се садат и ќе се одгледуваат.

Фактот дека во 2022 година Тиквеш го достигна максималниот капацитет за прием и преработка на грозје, беше мотив за отпочнување нов инвестициски циклус во компанијата, кој ќе се однесува на проширување на капацитетот на прием, процесирање винско грозје и винификација.

Периодот пред и во текот на бербата беше обележан со континуирани топли денови и умерено студени ноќи (18-20°C), што доведе до намалени отстапувања во процесот на зреење на грозјето и развој на ароматичен профил без да се загрози киселоста. Поради надворешни фактори како дождот, откупивме 25% помалку грозје вранец од планираното, но грозјето што го набавивме беше со одличен квалитет и на тој начин го надоместивме недостигот со откуп од внимателно избрани локалитети со поволни природни услови. За сортите темјаника, шардоне, совињон блан и траминер, постојаните врнежи непосредно пред и за време на периодот на берба доведоа до одлука да започнеме со берба порано за да го одржиме здравјето на грозјето. Следствено, забележавме релативно пониски нивоа на шеќер во овие сорти во споредба со жетвата во 2021 година.

Во однос на развојот на бутик винарниците кои се дел од екосистемот на Тиквеш, главната заложба останува иста – продолжување на концептот на развој на вина засновани на локални сорти, нивно комбинирање со интернационални сорти, занаетчиски пристап кон винификацијата, како и посветена работа на задржување и развивање на потенцијалот на теренот.

Паралелно со иновациите и проширување на портфолиото, остануваме максимално посветени на спроведувањето на највисоки стандарди на квалитет и одржливост, а во тој поглед главна мотивација ни се вашата поддршка и лојалност. Токму од тие причини со нетрпение очекуваме да ги пробате новите вина од 2023 година и заеднички како и до сега да ги споделиме импресиите за истите.

**Марко Стојаковиќ**
*Главен енолог, ВВ Тиквеш АД Кавадарци*


CHAGNY BOURGOGNE
ML
2018

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

Согласно со определбата за транспарентност кон своите стејкхолдери, ВВ Тиквеш во континуитет објавува годишен извештај, обезбедувајќи интегриран преглед на финансиските перформанси на винарницата и на другите суштински аспекти од работењето. Извештајот ги истакнува материјалните, економските, еколошките и социјалните последици од деловните активности на ВВ Тиквеш за времетраењето од 1 јануари до 31 декември 2022 година. Претходниот извештај беше објавен во април 2021 година.

Извештајот е изработен во согласност со стандардите утврдени во Законот за трговски друштва и во други релевантни домашни и меѓународни регулативи. Делови од овој извештај вклучуваат информации добиени врз основа на проекции, процени и анкети изготвени од тимот на Тиквеш или од трета страна. Иако сите информации содржани во него беа подготвени со користење на тековното знаење и разбирање и со добра волја, постојат инхерентни ризици и несигурности што можат да предизвикаат реалните резултати во иднина да отстапат од проекциите. Факторите на ризик вклучуваат висока инфлација, нарушување на глобалните синџири на снабдување, временските услови што директно влијаат врз бербата и променливата природа на глобалната геополитичка динамика вклучувајќи ја тековната војна во Украина.

Отворени сме за фидбек во однос на овој извештај преку е-пошта на contact@tikves.com.mk. Кон овој извештај може да се пристапи во секое време на www.tikves.com.mk/annual_reports. За повеќе информации за ВВ Тиквеш, посетете ја нашата веб-страница на www.tikves.com.mk/en.



**The report's scope is defined by the relevance of its subjects to the core business and the timely accessibility of information**

# ТИКВЕШ ВО 2022

**31,1** МИЛИОНИ ЛИТРИ
ОТКУПЕНО ВИНСКО ГРОЗЈЕ

**7,9** МИЛИОНИ ЕУР
ВРЕДНОСТ НА ОТКУП

**22,8** МИЛИОНИ ЛИТРИ
ПРОИЗВЕДЕНО ВИНО

**35**
ОТКУПЕНИ ВИНСКИ СОРТИ

ГОДИШЕН ПРОМЕТ
**43,8** МИЛИОНИ ЕУР

КАПАЦИТЕТ НА ВИНИФИКАЦИЈА
**35** МИЛИОНИ ЛИТРИ

ЛОЗОВИ НАСАДИ ПОД ДИРЕКТНА КОНТРОЛА
**1,300 ha**

ВКУПНА ПОВРШИНА НА ЛОЗОВИ НАСАДИ ОД КОИ СЕ ДОСТАВУВА ВИНСКО ГРОЗЈЕ
**2,500 ha**

ИНВЕСТИЦИИ
**2,7** МИЛИОНИ ЕУР

ПРОДАДЕНИ ЛИТРИ ВИНО
**15,3** МИЛИОНИ ЛИТРИ

**7,7%**
ПОВРАТ НА АНГАЖИРАН КАПИТАЛ

ПОВРАТ НА СРЕДСТВА
**5,7%**

НЕТО-ПРОФИТ
**+10%**

EBITDA
**+21%**

**98**
НАГРАДИ НА МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ

**250** ВРАБОТЕНИ

ПАЗАРИ
**25**

БРЕНДОВИ
**15**

## SHORT STATEMENTS

**5%**
ПАЗАРНО УЧЕСТВО ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

**2/3**
ПАЗАРНО УЧЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА

**15%**
ПАЗАРНО УЧЕСТВО ВО СРБИЈА

ПАЗАРНО ПРИСУСТВО ВО **25** ЗЕМЈИ ВО СВЕТОТ

TIKVEŠ

Since 1885




ТРАДИЦИОНАЛНИ ВИНА




TIKVEŠKO



Classic



T'GA za Jug



ALEXANDRIA



LUDA MARA



ALEXANDRIA Cuvée



LR TIKVEŠ



**TIKVEŠ | 1885**

CHÂTEAUX & DOMAINES







**BAROVO**
Domaine

**BELA VODA**
Domaine

DOMAINE
LEPOVO



CHÂTEAU DE
GOURDON



CHÂTEAU DE GOURDON




## TERRASSE AU SOLEIL

## ПРЕСТИЖНО ВИНО ОД CHÂTEAU DE GOURDON

Во далечната 1870 година, во регионот на Јужна Рона, на песоклива почва беа засадени лозја, огреани од сончевите зраци во текот на целиот ден и изложени на ветерот Мистрал.

Таму, грозјето сè уште се бере рачно кога е совршено зрело и се креираат ароматични вина со комплексен, единствен и автентичен вкус. Вина кои добиваат највисоки оценки на светските вински натпревари.

TERRASSE AU SOLEIL 2021 е добитник на златен медал на годинешниот натпревар „Mundus Vini Summer Tasting" во Германија, а членовите на жирито го опишаа како вино со карактер.

Од Франција со љубов,
CHÂTEAU DE GOURDON



# За компанијата

# За компанијата

## ПРОФИЛ НА КОМПАНИЈАТА

ВВ Тиквеш, основана во 1885 година, е една од најголемите и најнаградуваните винарници во Југоисточна Европа. Сместена е во истоимената област Тиквеш во Македонија, која се карактеризира со медитеранска клима и уникатен тероар. Со богата историја и силна посветеност на модернизацијата, иновациите и еколошката одржливост, ВВ Тиквеш е лидер во регионалната винска индустрија, со присуство на 25 пазари.

ВВ Тиквеш е целосно интегриран систем  (лозарство, производство на вино, маркетинг, продажби и дистрибуција). Набавуваме винско грозје од правни лица со кои имаме договори за стратешко партнерство и со повеќе од 2.500 физички лица, индивидуални лозари. Стратешкото партнерство подразбира гарантиран откуп, но и континуиран мониторинг на лозовите насади и барање за имплементација на лозарските практики кои ќе гарантираат висок квалитет на нашите производи.

Тиквеш е пионер во еколошката одржливост во регионот и цели да стане првата винарница со имплементирани ESG-стандарди. Тиквеш стана член на клубот на зелени винарници International Wineries for Climate Action, чија цел е Net Zero емисија на јаглерод диоксид до 2050 година, цел што е усогласена со трката до нула - кампања на Обединетите нации. Ние веќе инсталиравме капацитет за обновлива енергија, соларен парк од 1,6 мегавати и работиме да постигнеме 100 % потпирање на чисти извори на енергија преку натамошни инвестиции. Го произведовме првото вино од органско грозје во бутик-винаријата Лепово и продолживме со нашиот фокус на автохтоните сорти, одличниот тероар и артизанскиот пристап во производството.

**Го произведовме првото вино од органско грозје во 2022**



Новата  ESG-филозофија ќе подразбира зголемување на нивоата на корпоративна одговорност и постојан стремеж кон подобрување на квалитетот на животот за нашата работна сила, партнерите и потрошувачите. Тиквеш ќе продолжи континуирано да инвестира во образованието и развојот на своите вработени, да ги промовира заедниците во кои работи, да вложува во развојот на автохтони сорти грозје за да создаде можности за опстанок и развој на лозарите и да го поттикнува развојот на регионалниот туризам.

Тиквеш е предводник на регионалната соработка на винарниците од Балканот, што резултира со успешни заеднички настапи на меѓународните саеми. Имајќи го предвид своето лидерство на македонскиот пазар, ВВ Тиквеш покрена иницијатива за имплементирање на функционален систем на заштитени географски ознаки, усогласувајќи го домашниот вински сектор со заедничката земјоделска политика на Европската Унија.

Денешниот развој на глобалниот вински пазар е поттикнат од развојот на премиум-категориите вина и од растот на органските и биодинамични вина. Овој тренд е основа за развој на нашето продуктно портфолио во иднина. Иако „Тиквеш“ ја доживеа својата најголема берба во 2022 година, постигнувајќи зголемување од 32 % во вкупното откупено грозје во однос на 2021 година, успеавме да го задржиме исклучителниот квалитет на нашите берби преку ригорозен избор и научнозаснован пристап кон лозарството. Нашата цел е дополнително да ја намалиме зависноста од домашниот пазар и да го зголемиме процентот на извоз во вкупната продажба.

## Клучни факти за 2022:

- **ВКУПЕН ПРИХОД:** | **43,8 милиони ЕУР**
- **КАПАЦИТЕТ ЗА ВИНИФИКАЦИЈА** | **32 милиони килограми, 1/3 од целото грозје набрано во С. Македонија**
- **ЛОЗОВИ НАСАДИ ПОД ДИРЕКТНА КОНТРОЛА** | **2,500 ha**
- **ИНВЕСТИЦИИ** | **2,7 милиони ЕУР**
- **ПРОДАДЕН ВОЛУМЕН** | **15,3 милиони литри**
- **НЕТО-ПРОФИТ** | **+10%**
- **EBITDA** | **+19%**
- **ПОВРАТ НА СРЕДСТВА** | **5,7%**
- **ПОВРАТ НА АНГАЖИРАН КАПИТАЛ** | **7,7%**



## Клучни факти – Производство 2022:

- ПРОИЗВЕДЕНО ВИНО | 22,8 милиони литри
- ВИНСКИ СОРТИ | 35
- ПАЗАРИ | 25
- БРЕНДОВИ | 15

## Работна сила:

| Сегмент | Број на вработени | Учество |
|---|---:|---:|
| Менаџмент | 20 | 10% |
| Администрација | 44 | 21% |
| Производство | 106 | 52% |
| Лабораторија | 10 | 5% |
| Магацини | 25 | 12% |
| Вкупно | 205 | |

## МИСИЈА

Посветени сме на создавање извонредни, одржливи и незаборавни вина кои го почитуваат богатото наследство на нашите лозарски региони. Подеднакво сме верни на внимателното чување на лозјата и примената на еколошки одговорни практики и на страста за иновации и научна извонредност во лозарството и винарството. Стремејќи се да градиме дух на иновативност и соработка во регионот, нашата цел е да го предводиме револуционизирањето на регионалните практики за производство на вино, поставувајќи нови одредници за извонредност и одржливост.

## ВИЗИЈА

Нашата аспирација е да се појавиме како водечка сила во уметноста на производство на вино во Европа, зацврстувајќи го нашето место меѓу најценетите винарии на континентот. Нашата крајна цел е да постигнеме глобално признание како истакнат бренд, синоним за извонредност и иновација во светот на виното. Додека страсно го промовираме занаетот за производство на вино во Југоисточна Европа, нашата визија се протега надвор од регионалните граници. Се стремиме да се искачиме како водечка винарија во областа, надминувајќи ги границите и имагинацијата на винските ентузијасти ширум светот.

## ОСНОВНИ ВРЕДНОСТИ

### Извонредност

Следејќи го највисокиот квалитет во нашите вина и рафинирајќи го нашиот занает, истовремено одржувајќи ги традициите на производство на вино.

### Страст

Негување љубов кон винарството и споделување со клиентите, вработените и партнерите, инспиративна благодарност за уметноста.

### Соработка

Поттикнување тимска работа, отворена комуникација, и ангажман со заедницата, партнери и засегнатите страни за заеднички успех.

### Научно заснован пристап

Примена на истражувања, увиди базирани на податоци, и практики засновани на докази за да се оптимизира квалитетот, одржливоста и иновациите.

### Наследство

Почитувајќи ја историјата и традициите на нашиот регион, спојувајќи ги со модерните техники за уникатни, незаборавни вина.

### Прилагодливост

Поддршка на локални иницијативи, промовирање одговорна потрошувачка и стремеж за позитивно влијание врз луѓето и животната средина.

### Социјална одговорност

Поддршка на локални иницијативи, промовирање одговорна потрошувачка, и стремеж кон позитивно влијание врз луѓето и животната средина.

### Одржливост

Давање приоритет на еколошките практики низ активности за заштита на животната средина и зачувување на ресурсите.

### Интегритет

Водење бизнис етички и транспарентно, третирајќи ги сите засегнати страни и животната средина со почит и правичност.

### Иновација

Прифаќање напредни техники и технологии за поттикнување на континуирано учење, развој и напредок.

### Чувство на сопственост

Поттикнување на одговорност и отчетност, зајакнување на членовите на тимот да придонесат за успехот на компанијата како свој.

### Фокус на клиенти

Приоритетизирање на потребите на клиентите и нивните преференции, обезбедувајќи исклучителни искуства кои ги надминуваат очекувањата.



LUDA MARA

# ПУШТИ НЕКА ТЕ ВОДИ




**Во потрагата за автентични приказни преку кои ќе ја раскажеме уникатноста на нашите вина, не требаше да одиме далеку.**

**Луда Мара, реката што со векови тече низ Тиквешко, е нераскинливо поврзана со судбините на луѓето што живеат во нејзина близина. Тие ги користеле благодатите на водата, но нејзините непредвидливост и моќ, многупати биле причина за разорни уништувања и штети, учејќи ги дека радоста и тагата се две страни на една иста паричка. И не само тоа. Приказните за Луда Мара се поврзани со пожртвуваноста, љубовта, нескротливата природа, храброста, снаодливоста, страста, ранливоста, убавината, добрината, изобилството... со сѐ она што го сочинува животот.**



# Главни остварувања

# Главни остварувања

Винарската визба „Тиквеш“ доживеа успешна 2022 година, при што вкупната продажба порасна за 38,8 %, а волуменот за 11 %. Компанијата е присутна на 25 пазари на глобално ниво и ги задржа своите силни пазарни позиции во регионот ЈИЕ, задржувајќи највисок пазарен удел во Македонија, Србија и Косово. Извозот порасна за 18,2 % во обем и 64,3 % во вредност, што придонесе за импресивни перформанси на компанијата.

Податоците за продажбата на ВВ Тиквеш во Adriatic-регионот откриваат значителен раст помеѓу 2021 и 2022 година. Вкупните продажби се зголемија за 43 %, при што вкупниот приход достигна 40 милиони евра во 2022 година, наспроти 28 милиони евра во 2021 година. Србија забележа стапка на раст од 119 %. Раст забележаа и други земји: Македонија (16 %), Косово (31 %), Црна Гора (38 %), Албанија (13 %) и Босна и Херцеговина (34 %).

Основната стратегија се состоеше во ефикасни комерцијални и маркетинг-активации фокусирани на главните брендови на Тиквеш во двата клучни канали на продажба (хорека и трговија). Во секој од нив, определбата беше да се понуди најголема вредност за парите во секој ценовен сегмент. Од бројните достигнувања на секој од пазарите, се гордееме што Смедеревка 1 л, стана најпродавано бело вино во Србија, а Т’га за југ, најпродавано црвено вино во: Хрватска, Македонија и Албанија.

Силен раст на продажби во Adriatic-регионот

| Земја | 2021 | 2022 | 22 vs ‘21 | Тренд % |
|---|---:|---:|---:|---:|
| Македонија | 16,876,490 € | 19,641,812 € | 2,765,322 € | 16% ▲ |
| Србија | 6,479,302 € | 14,199,886 € | 7,720,584 € | 119% ▲ |
| Косово | 1,105,139 € | 1,449,417 € | 344,278 € | 31% ▲ |
| Црна Гора | 385,398 € | 533,236 € | 147,838 € | 38% ▲ |
| Албанија | 326,794 € | 368,521 € | 41,727 € | 13% ▲ |
| БИХ | 2,852,178 € | 3,810,796 € | 958,617 € | 34% ▲ |
| Хрватска | 1,720,000 € | 1,853,000 € | 133,000 € | 8% ▲ |
| Вкупно | 29,745,301 € | 41,856,668 € | 12,111,366 € | 41% ▲ |

Во 2022 година, извозот за првпат ја надмина домашната продажба во однос на вредноста, усогласувајќи се со стратегијата на компанијата за намалување на зависноста од домашниот пазар и дисперзирање на ризикот. Просечната цена на виното за литар се зголеми поради поголемото учество на премиум-производните линии во вкупната продажба на сите пазари. По забележителниот пад на продажбата во сегментот HoReCa за време на годините на пандемијата, регионалните пазари забележаа силен раст во 2022 година, следствено проследено со пад на продажбата во малопродажниот сегмент, бидејќи во виното дома ужива помалку луѓе. Компанијата успеа да ги прилагоди своите канали за дистрибуција и ценовната стратегија на променливите трендови на пазарот, зголемувајќи го севкупниот пазарен удел и во вредност и во обем.

Во 2022 година Тиквеш

- За првпат произведе органско вино во винарницата Лепово, процес кој започна во 2017 година. Ова е особено важно со оглед на фактот дека пазарот на органско вино расте за 7,25 % и сличен раст се очекува да се оствари и во наредните години.
- Успешно лансираше нови вина во masstige сегментот (affordable luxury).
- Го модернизираше секторот „Лозарство“, со цел подобрување на: ефикасноста, транспарентноста и севкупниот квалитет.
- Оствари стратешката соработка со главните добавувачи и одгледувачи на винско грозје за да се осигура производство на висококвалитетни производи.
- Продолжи да ја предводи зелената иницијатива во регионот со амбицирање да стане една од првите винарии со имплементирани ESG-стандарди.
- Инсталираше соларна централа од 1,6 MW, со планови за зголемување на капацитетот на 2,4 MW во 2023 година.
- Изгради прочистителна станица за третман на вода во винификацијата, со цел намалување на еколошкиот отпечаток на компанијата.
- Аплицираше за членство во елитниот клуб зелени винарници International Wineries for Climate Action.



> **Во 2022 година Тиквеш собра и обработи рекордна сума на грозје во изминатите 15 години.**

# ФИНАНСИСКИ ПЕРФОРМАНС И КЛУЧНИ МЕТРИКИ

Во 2022 година, компанијата оствари финансиски раст, со зголемување на приходите, нето-добивката пред оданочување и EBITDA. Ефикасното користење на капиталот, високата стапка на самофинансирање и силната финансиска сигурност придонесоа за целокупната стабилност на компанијата, истовремено, намалувајќи го нејзиниот циклус на конверзија на готовина. Иако показателите за ликвидност забележаа благ пад, тоа главно се должи на значителните инвестиции направени во текот на годината. Одејќи напред, компанијата ќе продолжи да се фокусира на оптимизирање на своите перформанси и одржување на финансиската стабилност.

## Клучни финансиски моменти за 2022 година

**Вкупни приходи:**
Пораст од **39 %** поттикнат главно од продажбата на странските пазари

**Нето-профит пред оданочување:**
Пораст од **26,5%**

**EBITDA**
Зголемен за **20,7%**

**Поврат на средства**
ROA: **5,7%**

**Поврат на ангажиран капитал (ROCE):**
**7,7%** што укажува на тренд на поефикасно искористување на капиталот на компанијата и зголемена акционерска вредност

**Стапка на задолженост:**
**21%**, останува под оптималното ниво на задолжување

**Стапка на самофинансирање:**
високо ниво од **93%**

**Финансиско обезбедување:**
**66%**

**Кредитоспособност:**
**189%**

**Циклус на конверзија на готовина:**
Намалено на **423 денови** во 2022 година, што одразува поефикасна трансформација на средствата во пари

**Индикатори за ликвидност:**
Показателите за брза ликвидност, тековна ликвидност и оперативен готовински тек, забележаа благо влошување на трендот поради значителните инвестициски активности во 2022 година



# СИНЏИР НА НАБАВКИ И ЛОГИСТИКА

Глобалниот синџир на снабдување беше значително погоден од воениот конфликт во Украина, што доведе до зголемени цени на енергијата и предизвици при набавките. Клучните, погодени сектори вклучуваат:

## Стакло

Три од четири украински фабрики на стратешкиот добавувач на стаклена амбалажа Ветропак беа оштетени, што предизвика недостиг во Европа. Компанијата Ветропак се соочи со тесни грла во испораките и покачување на цените. „Тиквеш“ успеа да ги покрие дополнителните 3 (три) милиони единици што се бараат во 2022 година преку тесна координација со Ветропак.

## Дизел-гориво и транспорт

цените на дизелот, цените на AdBlue, трошоците за одржување возила и платите во индустријата се зголемија во 2022 година, што доведе до зголемување на цените на услугите. Беа спроведени месечни преиспитувања на цените за делумно да се ублажи негативното влијание.

## Алуминиумски затворачи

Цените неколкукратно се зголемија поради повисоките влезни трошоци ширум светот, вклучително и европскиот антидампинг данок од 24 % на кинескиот увоз на алуминиум. Руско-украинскиот конфликт го прекина производството и испораката на одредени патентирани производи од добавувачот во Суми, Украина.

## Хартија

Неповолните глобални случувања доведоа до шокови на цените на хартијата, мазутот, скробот и електричната енергија. Квотите беа ограничени, а некои фабрики, привремено го запреа производството, што доведе до повторен недостиг од хартија.

## Дрвени палети

Недостигот од материјали, зголемените трошоци за производство и намалувањето на набавката на дрво за 50 % од најголемата шумска површина во Македонија, доведоа до повисоки цени на дрвените палети. Со цел намалување на трошоците, Тиквеш се префрли на половни EPAL-палети, со оглед на фактот дека станува збор за елемент во операциите, кој не влијае на финалниот квалитет на производот.

За да се справи со овие предизвици, Тиквеш одржуваше континуирана комуникација и координација со стратешките добавувачи и Секторот за финансии, ги следеше трендовите на продажба и одржуваше минимални и безбедносни залихи. И покрај тешкотиите, сите нарачки од добавувачите и купувачите беа исполнети, со што се обезбедија услови за продолжување на растот на продажбата во однос на 2021 година.

Беа имплементирани неколку успешни проекти со висококвалитетни материјали и контролирани трошоци за набавка, меѓу кои:

TIKVEŠ | 1885
CHÂTEAUX & DOMAINES

### Платформа на брендот „Tikveš Châteaux & Domaines“

Редизајнирана со ново шише, затворач од плута и транспортна кутија за зголемена стабилност и безбедност.

BAROVO
Domaine
BELA VODA
Domaine

### Нови вина Барово и Бела Вода

Лансирани во прифатлив премиум-сегмент со прилагодени материјали за пакување.

T'GA za Jug

### Т'га за југ со затворач од плута

Воведен затворач од плута за српскиот пазар, транзиција во Q1 2022 година.

LUDA MARA

### Ребрендирање на Специјалната селекција во „Луда Мара“

Ребрендирани вина од линијата Специјална селекција под брендот „Луда Мара“, приспособувајќи ја етикетата и кутијата за транспорт.

### Воведени петслојни транспортни кутии

Спроведени тестови за комерцијално производство со добавувачите за подобрување на квалитетот на картонската амбалажа. Исход од тоа е селективното воведување петслојни кутии во 2023 година.

## Другите активности вклучуваа:

### Одржување на статусот на Овластен економски оператор (OEO)

Статусот на OEO ја подобрува соработката со царинските органи, олеснувајќи ја трговијата и обезбедувајќи безбедност на синџирот на снабдување.

# ПРОЕКТЕН МЕНАЏМЕНТ И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

Во 2022 година, Винарската визба Тиквеш продолжи со позитивниот тренд на инвестиции во производствените капацитети и градежните сегменти. Реновирањето на објектите започнато во 2021 година заврши, а започна изградбата на нов објект. Вкупната инвестиција во опрема и градежни работи изнесуваше 1.334.370 евра. Овој извештај ги прикажува направените инвестиции, мерките за контрола на квалитетот и ISO-сертификатите во 2022 година.

## Клучни инвестиции во 2022 година

1. **Фотоволтаична централа од 1,6 MWp,** која произведува 1.586 MWh годишно и ги намалува емисиите на CO2 за 1.300 тони годишно.
2. **Пречистителна станица за отпадни води,** што обезбедува отпадната вода да биде прочистена и еколошка.
3. **Реновирани 18 бетонски цистерни со нерѓосувачки челик,** зголемување на капацитетот на резервоарот за вино за 900 тони.
4. **Дополнителен капацитет за складирање на вино** од 1.500 тони преку реновирање на три бетонски резервоари од 500 тони.
5. **Набавка на клипни пумпи** и пумпа за транспорт.
6. **Набавка на 180 транспортни кутии,** зголемување на капацитетот за транспорт на грозје до 70.000 кг/тура.
7. **Поставување на миксери** на резервоари од нерѓосувачки челик.
8. **Набавка на широк асортиман на буриња** (228 л, 300 л, 500 л и 600 л) за созревање на вино и дестилат од реномирани производители.
9. **Удвојување на капацитетот на флотација** до 50.000 l/h со нов уред за флотација.
10. **Инвестирање во нов административен простор** во седиштето во Кавадарци.

## Контрола на квалитетот

Во 2022 година, винаријата се фокусираше на тестирање и подобрување на квалитетот на флашираното вино, користејќи го уредот NomaSense за мерење на вкупниот кислород на пакувањето. Винаријата одржуваше внатрешна контрола со BIPEA, организација која ја проценува точноста на мерењата во лабораторијата на винаријата. Резултатите се усогласија со BIPEA-параметрите, потврдувајќи ја стручноста на вработените и најсовремената лабораториска опрема.

Микробиолошкото тестирање се подобри преку готови супстрати, зголемувајќи ја точноста на резултатите и намалувајќи го ризикот од човечка грешка. CIP-системите беа контролирани од напредниот AqvaSnap ATP-уред. Материјалите за производство беа предмет на контрола, како сигурност дека се користени висококвалитетни материјали.

Винаријата „Тиквеш“ ја основа својата педолошка лабораторија во ноември 2022 година, која спроведува различни анализи на почвата за да го поддржи развојот на лозовите насади, сортната и клоналната селекција, заштитата од тероар и исхраната на постојните површини. Лабораторијата е опремена со целосно нови инструменти.

## ISO Certificates

Во 2022 година, редовната инспекција го потврди почитувањето на **ISO 9001:2015 (QMS), ISO 14001:2015 (EMS)** и **ISO 22000:2018 (FSMS)** стандардите за квалитет. Винарницата започна и со имплементација на системот за управување со енергија **ISO 50001:2018.**

CHÂTEAU DE GOURDON

# TERRASSE À L’OMBRE

# НАЈДОБРОТО ВИНО ОД ДОЛИНАТА НА РОНА




За сите вински сладокусци.

Создадено од грозје со врвен квалитет, одгледано на лозја изникнати на песоклива почва, исончани од топлото медитеранско сонце, милувани од свежината на ветрот Мистрал.

Новата винска икона - Terrasse à l’Ombre е произведено во француската винарница Château de Gourdon, сместена во еден од најпознатите вински региони – долината на реката Рона.

Terrasse à l’Ombre е креација на енолошкиот тим на „Тиквеш“, чија умешност за создавање врвни вина го маѓепса и жирито на светски познатиот вински натпревар Мундус Вини во Германија, кое во 2021 му додели голем златен медал, резервиран само за најдобрите вина во светот и две години по ред го прогласува за „Најдобро вино од долината на Рона“.

Откријте го и вие волшепството на Terrasse à l’Ombre.



# Извештаи

# Извештаи

## ИНДИКАТОРИ НА ОСТВАРУВАЊЕ 2017 - 2022

### Континуиран раст на продажби со исклучок на периодот на пандемија







Волумен ('000 литри)  Тренд (%)

### Структура во полза на категориите со повисока додадена вредност







Стандард  Класик  Премиум  Ракија

### EUR продажба по категорија




### EUR просечна цена по литар




## Надмината состојбата на нарушената профитабилност од времето на кризата












## Континуирано зголемување на работниот капитал и намалување на задолженоста







## Зголемена ефикасност во користење на средствата на компанијата









**ПРОСЕЧЕН ПЕРИОД НА ПОСТАВУВАЊЕ ЗА ПЛАТИ**




**ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА ПО ВРАБОТЕН**




**ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА**




**ЦИКЛУС НА КОНВЕРЗИЈА НА ГОТОВИНА**

# МАРКЕТИНГ И ПРОДАЖНИ АКТИВНОСТИ

Маркетинг-активностите во текот на 2022 година, беа насочени кон задржување на лидерската позиција на ВВ „Тиквеш“ на пазарот и понатамошно унапредување на имиџот на компанијата и на одделните брендови кај различната целна публика. Активностите опфаќаа соодветна комуникација и промоција на брендот, на новитетите, на постигнатите успеси и резултати, како и на значајните инвестиции и соработка со партнерите.

Клучни теми во комуникацијата во текот на 2022 година беа:

- Корпоративни информации:
  - Трансформацијата на „Тиквеш“ во прва зелена винарница во во регионот;
  - Инвестиции и соработка за воведување напредни практики и технологии за унапредување на квалитетот на грозјето/виното – соработка со Perleuve и примена на 4Grapes апликација;
- Нови производи и пакувања (претставување на брендот „Луда Мара“ и на нови вина);
- Освоени награди и признанија на меѓународни вински натпревари;
- Соработка со лозари, стандарди во лозарството, откуп на грозје, берба.

## Нови производи и пакувања




### „ЛУДА МАРА“

### ново бренд-име на линијата Special Selection

Следејќи ги пазарните трендови кои сè почесто ја наметнуваат потребата за дополнително истакнување на врската помеѓу виното, специфичното поднебје и регионот од кој тоа потекнува, ВВ „Тиквеш“ го креираше новиот вински бренд за да ја зајакне автентичноста на своите вина. Линијата „Луда Мара“ е наследник на добропознатиот бренд „Special Selection“. Новиот бренд го поврзавме со името на реката Луда Мара која поминува низ тиквешкиот регион и Кавадарци и која со својата уникатна природа и карактер, како и со бројните приказни и митови поврзани со неа, по многу нешта потсетува на единствениот карактер на нашите вина. Бројните локални приказни за реката Луда Мара во Кавадарци ги раскажавме преку промотивните активности за поддршка на продажбата на овој нов бренд.




## Pinot Grigio Luda Mara

Pinot Grigio е првото ново вино во линијата „Луда Мара“, кое беше лансирано на пазарот кон крајот на март, како совршен избор за летото 2022. Грозјето за производство на ова вино доаѓа од микролокацијата Вршник од Тиквешкото виногорје, извонреден тероар за производство на оваа винска сорта. „Pinot Grigio Luda Mara“ е исклучително лесно и свежо вино со интензивни ароми на зелено јаболко и зрели цитрусни овошја. Добро изладено, совршено се комбинира со: свежи салати, пилешко и морски плодови, идеално вино за освежување во пролетните и летните денови. Количините од „Pinot Grigio Luda Mara“ беа лимитирани на 6.300 шишиња и затоа виното беше  дистрибуирано во ограничен број трговски и угостителски објекти.




## Sauvignon Blanc Barovo

Во 2022 година „Тиквеш“ го прошири портфолиото на вина од платформата „Tikveš Châteaux & Domaines“ со неколку нови премиум-вина од специфични микролокации. Целта е да им понудиме поголем избор на потрошувачите во секој ценовен сегмент. Вината се достапни во ограничени количини. Првото премиум-вино од оваа категорија кое се појави на пазарот на почетокот на февруари е „Sauvignon Blanc Barovo“. „Sauvignon Blanc Barovo“ е бело вино со изразен овошен карактер кој се должи на фактот што грозјето кое се користи за негово производство потекнува од лозја засадени на 700 метри надморска височина, каде што постои голема разлика на дневните и ноќните температури, што на виното му дава свежина. Ова е уникатен предел под влијание на планинска, медитеранска и континентална клима, со што се овозможува постигнување целосна зрелост на грозјето и развој на интензивни ароми и вкусови. Вулканската почва на која е посадено лозјето ги дава минералните карактеристики на виното. Кредибилитетот на брендот „Barovo“ придонесе новото вино да биде одлично прифатено од потрошувачите, кои го препознаа бескомпромисниот квалитет.




## Viognier Bela Voda

Второ вино кое стана дел од семејството на „Tikveš Châteaux & Domaines“ беше „Viognier Bela Voda“ кое се појави на пазарот во првата половина на април. Воведувањето вина од одбрани сорти од селектирани микролокации беше дел од нашата стратегија за 2022 година, со што сакаме да им овозможиме поголем избор на потрошувачите, нудејќи им можност да уживаат во премиум-вината кои ја пренесуваат специфичноста на локалитетите од каде што доаѓа грозјето. Виоње е популарна сорта од која се произведуваат ароматични вина, карактеристични по својата свиленкаста текстура и извонредна питкост и свежина. Затоа, нашето ново вино од оваа сорта е совршено за пролетниот и летниот период.




## Muscat Traminec Luda Mara

Кон крајот на јуни, на пазарот пласиравме ново вино во рамките на линијата „Луда Мара“. Станува збор за ново бело вино „Muscat Traminec Luda Mara“ како одговор на зголемената побарувачка на пазарот на ароматични вина. Освежувачко, со интензивни цветни и цитрусни ароми во кои преовладува аромата на кора од: портокал, грејпфрут и манго, ова вино е идеално за топлите летни денови. Виното беше наменето за трговските и угостителските објекти низ земјата.




## Grenache Blanc Bela Voda

Кон крајот на јуни беше лансирано уште едно ново вино кое е дел од бренд платформата „Tikveš Châteaux & Domaines“. „Grenache Blanc Bela Voda“ е суво бело вино со лимон-жолта боја и зеленикави нијанси, со деликатни цветни ароми и мирис на праска и диња. Нуди совршено освежување во жешките летни денови. Произведено е во ограничена количина од 10.000 литри, а грозјето за негово производство потекнува од Бела Вода, од локалитетот Говедарски пат. Наменето е за угостителските објекти на домашниот пазар.

# Продажни активации и промоции

## Трговија




### St. Valentine/Св. Трифун

По повод празникот на виното и љубовта, спроведовме активација во трговските објекти ширум земјата, нудејќи вино од брендот Alexandria Cuvée со подарок чоколадо. Активацијата наиде на позитивни реакции и масовен одѕив од страна на потрошувачите.




### Месец на розе

Стандардно, во пролетниот период направивме пролетна активација. Март беше МЕСЕЦ НА РОЗЕ во чие времетраење беа направени price-off активации во кои беа опфатени розе вината од брендовите: Alexandria, Alexandria Cuvée и Château de Gourdon.




### Активности со додадена вредност

Во периодот пред сите поголеми празници (Нова година, Божиќ, Велигден, 1 Мај) беа спроведени активности со додадена вредност на одредена категорија на производи (Тиквешко 3 литри со подарок чаша, Лозова ракија жолта со подарок чаша, француски вина со подарок вински додатоци и подарок чоколадо, 2 Alexandria вина со подарок чаша).




### Инвестиции – Поставување на полици, дисплеи и тотеми во трговските објекти

Заради функционалност и поголема видливост и достапност на нашите производи во маркетите ширум земјата и регионот, беа позиционирани полици и одредени палетни позиции, како и брендирање на постојните вински секции во самите трговски објекти, кои јасно ги комуницираа тековните продажни активации.

## Угостителство

Во соработка со угостителските објекти продолживме со активности кои придонесуваат за зголемување на продажбата, но и за поголем пазарен удел и видливост на брендот.




### Брендовски промотивни активности

Во голем број објекти во земјата и во регионот, континуирано одржуваме промотивни активности, така што оваа година се фокусиравме на брендовите: Alexandria, Alexandria Cuvee, Luda Mara, Tikveš Châteaux & Domaines и Château de Gourdon.




### Wine & Food Pairings

Дефиниравме различни типови на комбо-менија: храна и вино достапни по промотивни цени во селектирани објекти. Оваа активација се покажа како најуспешна за зголемување на продажбата и креирање на поголема свесност за брендот.




## Wine & Dine настани

Уживањето во виното често е најголемо кога тоа е придружено со подеднакво вкусна храна, па и оваа година успешно продолживме со реализација на Wine & Dine настаните во земјата и во регионот, со цел едукација на крајните консументи за соодветни комбинации на вино и храна и промоција на вината од премиум-сегментот. Големиот интерес за успешните настани е наш поттик да продолжиме со активностите за доближување на уметноста на комбинирање на храната и виното и развој на винската култура.



## ХОТ-СПОТ зони

Во текот на зимскиот и на летниот период, беа реализирани специјални активности во најпопуларните објекти сместени во познатите туристички локации: Радожда, Трпејца, Дојран, Тетово, Поникварва. Различните продажни активации за Alexandria и Alexandria Cuvée вклучуваа и обезбедување униформи, престилки, ПОС-материјали, како и брендирање на објектите.




## After-Work забави

Низ годината беа организирани и многубројни after work-настани во угостителските објекти, со промотивни, намалени цени на виното и додадена вредност за потрошувачите. Во фокус беа брендовите Alexandria Cuvée и Luda Mara.

# Настани во Македонија

## Виноскоп 2022 во Скопје

По четиригодишна пауза, од 4 до 8.5.2022 година, се одржа винскиот фестивал „Виноскоп“ во Скопје, на кој „Тиквеш“ зема учество со сопствен штанд на кој беа понудени сите вина од портфолиото на „Тиквеш“. Настанот беше искористен за промоција на новиот бренд Luda Mara. За таа цел, „Тиквеш“ беше спонзор на музичката програма на последниот ден од Фестивалот, под наслов „Luda Mara Blues Sunday“.

## Винодонија 2022 во Скопје

На 25-26.11.2022 година, во Хотел Мериот се одржа винскиот салон Винодонија на кој „Тиквеш“ зема учество со сопствен штанд и се претстави со своето портфолио. На овој вински саем учествуваа голем број винарници, не само локални туку и странски. Посетителите од разни краеви од Балканот и Европа, имаа можност да ги пробаат нашите вина.

## Питијада 2022 во Велес

ВВ „Тиквеш“ беше дел и од велешката Питијада и истовремено беа реализирани активности во повеќе клучни објекти во градот со намалени цени на одредени вина од линијата Alexandria, Luda Mara и Alexandria Cuvée.

## Пастрмајлијада 2022 во Штип

Посетителите на оваа манифестација во Штип, имаа можност да уживаат во вкусната пастрмајлија и во вината на „Тиквеш“, како и да бидат дел од промоциите организирани во соработка со угостителските објекти.

## Тиквешки гроздобер во Кавадарци

Традиционално, како и секоја година, „Тиквеш“ учествуваше на Тиквешкиот гроздобер со промотивни цени на Luda Mara и Alexandria Cuvée во селектирани објекти и поддржа повеќе локални манифестации.

# Настап на меѓународни и регионални саеми




## ProWein и Vinitaly 2022

ВВ „Тиквеш“ беше меѓу македонските винарници кои учествуваа на двата најголеми меѓународни саеми за вино во светот: „ProWein“, кој традиционално се одржува во германскиот град Дизелдорф и „Vinitaly“, кој секоја година привлекува голем број посетители во Верона, Италија.

На „ProWine 2022“ учествуваа 5.700 изложувачи од 62 земји, а го посетија 38.000 посетители од 145 земји, професионалци од малопродажни и угостителски објекти, додека саемската манифестација во Верона имаше повеќе од 88.000 посетители од 139 земји, како и повеќе од 4.500 учесници од 41 земја.

„ProWein“ и „Vinitaly“ се меѓу најпрестижните настани во винската индустрија каде што компаниите можат да воспостават деловни односи со меѓународни партнери, да најдат нови увозници и да дознаат повеќе за современите технологии и услуги во индустријата. Претставувањето на македонските винарници на националниот саемски штанд на овие два саеми беше организирано со поддршка на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Винска визија Отворен Балкан

„Тиквеш“ ги претстави своите вина на саемот „Винска визија Отворен Балкан“, кој се одржа во Белград од 1 до 4 септември 2022. Креативно осмислениот штанд на „Тиквеш“ и „Tikveš Châteaux & Domaines“ особено се издвојуваше по својата впечатливост во однос на останатите над 350 излагачи на Белградскиот саем, од кои: 160 беа од Србија, 47 од Македонија, 26 од Албанија, а голем број производители на вино беа и од: Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Франција, Чиле, Аргентина, Италија, Романија, Молдавија, Јужна Африка и други земји. „Тиквеш“ беше и единствената винарница од нашата земја која на саемот организираше и специјална мастер-клас работилница: „Сензација на поднебјето – „Tikveš Châteaux & Domaines“ на која беа претставени автентичните карактеристики и врвниот квалитет на вината произведени во специфични поднебја и микролокации кои им даваат посебен, впечатлив карактер на вината кои се дел од бренд-платформата „Tikveš Châteaux & Domaines“



# Спонзорирани настани

## Манаки Филм Фестивал

„Тиквеш“ традиционално го поддржа 43-то издание на Браќа Манаки – Меѓународниот фестивал на великаните на филмската камера. Свечениот амбиент на првиот и најстар фестивал на филмска камера во светот, и оваа година помина во знакот на „Тиквеш“. Присутните имаа можност да уживаат во францускoто црвено вино „Vase de Pierre“ и во добро познатите Vranec и Chardonnay Luda Mara. Светски познатите ѕвезди кои оваа година присуствуваа на фестивалот, меѓу кои и Ентони Дод Ментл, Џон Метисон и Дариа Д'Антонио, го посетија и нашиот ресторан во Кавадарци.

## Струшки Вечери На Поезијата

Врската меѓу „Тиквеш“ и Струшките вечери на поезијата, воспоставена со создавањето на виното Т`га за југ, и годинава беше инспирација за поетите учесници на Фестивалот, кои го добија ова вино како подарок. Дополнително, тие имаа прилика да ги пробаат и вината од бренд-линијата Luda Mara, како и да пишуваат поезија за Луда Мара на шишиња вино.

## Охридско Лето

Годинава, 62-то издание на Охридско лето имаше богата програма со 53 концерти, театарски претстави и други настани, кои се одвиваа на сцената на Антички театар, Долни Сарај и во црквата Св. Софија во Охрид. Настанот го посетија многу големи имиња од земјата и регионот, а помина во сеприсутен брендинг (онлајн и офлајн-материјали) и во знакот на вкусот на вината на „Тиквеш“.

## Skopje Jazz Festival & Offest 2022

„Тиквеш“ беше главен покровител на 41-то издание на Скопскиот џез фестивал. Светски познатите џез имиња како: Rob Mazurek, Amaro Freites TRIO, Goran Kajfeš, со себе ја понесоа приказната за македонскиот вранец, а вината на „Тиквеш“ беа достапни за неговите посетители на штандовите на фестивалот.

## Промоција на филмот „Кајмак“ на Милчо Манчевски

Во ексклузивна атмосфера и преполна сала во Македонската филхармонија, беше промовиран најновиот филм на светски реномираниот македонски режисер Милчо Манчевски. Присутните имаа можност да се запознаат со „Vase de Pierre“, еден од бисерите на француската винарница „Château de Gourdon“.

## Каролина, Дуке И Исмаил

Во рамките на извонредниот проект на Авалон продукција насловен „Песни за љубов и копнеж“, во изведба на Каролина, Дуке и Исмаил, во декември 2022 година, беа одржани 5 (пет) фантастични концерти. „Тиквеш“ беше дел од нив и за посетителите организираше продажна активација на вината „Alexandria Cuvée“.

# Настани на Тиквеш

## Закројување 2022

Во рамките на празникот на лозарите и винарите Св. Трифун, традиционално одржавме настан за симболично закројување на лозовите насади на поседот Лепово, на кој присуствуваа претставници на Владата, претставници на дипломатскиот кор, како и соработници и партнери на „Тиквеш“. Настанот беше искористен за да се најави заокружување на инвестицијата во капацитет за производство на обновлива енергија, како и проширување на портфолиото со три нови вина.





## Фестивал на Младо Вино 2022

Во 2022 година, традиционално се одржа и 13-то издание на Фестивалот на младо вино. Бројни гости, соработници и партнери на винарницата од земјава и регионот, имаа можност да ги дегустираат младите вина од повеќе сорти од бербата 2022. Покрај одличното вино и вкусната храна, за добрата атмосфера на Фестивалот на младо вино се погрижија: Калиопи, Васил Хаџиманов, ЗЏМ и Зарина Првасевда. Водител на настанот беше актерот Сашко Коцев. Фестивалот се одржа под мотото „За виното, во хармонија со природата“, означувајќи го процесот на зелена и дигитална трансформација на „Тиквеш“ во прва зелена винарница во регионот. На настанот беа промовирани и бројните проекти на кои работиме, со цел градење на иновативни, дигитализирани и одржливи решенија во процесот на производство.







## Дипломатски гроздобер

Овој настан се издвојува по својот уникатен карактер и ги спојува припадниците на дипломатската заедница во земјава на едно место, овозможувајќи им несекојдневно, незаборавно искуство и градејќи мостови на соработка. Изминатата 2022 година, дипломатската берба се одржа на лозјата во Лепово каде што посебен акцент се стави на сертифицираното органско производство на грозје и на Domaine Lepovo Chardonnay од бербата 2021, како прво вино произведено од органско грозје.





## Настан по повод доделување на орденот „Витез на легијата на честа“

Претседателот на УО на „Тиквеш“, Светозар Јаневски, беше одликуван со орденот „Витез на легијата на честа“ што го доделува претседателот на француската република. Во името на претседателот на Република Франција, Емануел Макрон, највисокиот француски орден на господинот Јаневски му беше предаден од страна на амбасадорот на француската република во Скопје, Сирил Бомгартнер. По овој значаен и несекојдневен повод, ВВ „Тиквеш“ организираше свечен настан во хотелот „Лимак“, во чии рамки, ова значајно достигнување и чест беа споделени со пријателите и соработниците на компанијата.






# Дигитални маркетинг-активности

Во чекор со трендовите на новата дигитална ера, изминативе години континуирано работиме на сè поголемата употреба на дигитални алатки и социјални медиуми во секојдневните маркетинг и промотивни активности. Освен официјалната веб-страница, активни сме и на социјалните мрежи: Instagram, Facebook и LinkedIn. За да бидеме чекор поблиску до потрошувачите, беа креирани посебни Фејсбук и Инстаграм профили за Србија. Целта е персонализиран пристап до нашите потрошувачи, согласно со спецификите на пазарот и преференциите на консументите.




TIKVEŠ | 1885
CHÂTEAUX & DOMAINES

CHÂTEAU DE GOURDON




TERRASSE A L'OMBRE 2019

# Награди и признанија

Вината на „Тиквеш“ освоија 98 награди и признанија на врвните меѓународни вински натпревари одржани во текот на 2022 година. Од нив 4 (четири) беа платинести медали, 4 (четири) двојни златни медали, 25 златни, 24 сребрени, 24 бронзени, а 7 (седум) беа специјални награди.

## Позначајни достигнувања вклучуваат:

**Златни медали на Mundus Vini**
за **Sauvignon Blanc Barovo** 2021, **Barovo Red** 2019, **Domaine Lepovo Pinot Noir** 2019 и Terrasse à l'Ombre 2019, прогласено и за „Најдобро Вино од долината на Рона“.

**Двоен златен медал**
за **Vranec Luda Mara** 2019 на China Wine & Spirits Awards одржан во Хонг Конг - Best Value 2022

**Седум награди од Les Citadelles du Vin,**
вклучувајќи три златни и три сребрени медали и специјализирана награда од Sommeliers International за **Bela Voda Red** 2019 година.

**Вкупно 31 награда на IWC и Светски вински награди Decanter**
во Велика Британија со златен медал и трофеј за најдоброто вино од Македонија за **Merak** на IWC и платинум медал за ова вино на Decanter.

**Големиот трофеј**
за **Bela Voda White** 2021 година и титулата најдобро вино од Македонија за **Vranec Luda Mara** 2019 година на Балканскиот меѓународен натпревар за вино во Бугарија.

**Трофеј во категоријата црвени вина**
од автохтони сорти за **Barovo Red** 2019 година на Саемот Wine Vision by Open Balkans одржан во Белград, каде што вината на Тиквеш освоија и дополнителни 14 медали.



# Трендови во индустријата и прогнози за развој

# Трендови во индустријата и прогнози за развој

Пазарот на вино се соочува со долгорочен тренд на бавно опаѓање на обемот на различни пазари, со пад од 5 % во споредба со претходните години. Меѓу првите 20 пазари за вино, само Бразил забележа зголемување на потрошувачката на вино во однос на 2017 година. Бројот на редовни консуматори на вино е исто така во надолен тренд, особено во старосниот сегмент LDA-34 (Легална возраст за пиење до 34 години).

## РАСТ НА ЕЛЕКТРОНСКАТА ТРГОВИЈА

Винската индустрија доживеа значителен раст во е-трговијата за време на пандемијата, при што многу потрошувачи, за првпат, почнаа да нарачуваат вино преку Интернет. Платформите за е-трговија стануваат преферирани канал за купување вино, обезбедувајќи погодност и поширок избор. Овој тренд се очекува да продолжи, со тоа што онлајн-продажбата на алкохол е во нагорна линија на клучните пазари. Дури една третина од оние кои пијат вино во САД, Канада и Бразил, а кои моментално не нарачуваат онлајн, се отворени за идејата, што претставува можност за проширување на пазарот. Дополнително, дигиталните алатки, како што се апликациите за вино и виртуелните дегустации, го збогатуваат искуството на пиење вино и го подобруваат ангажманот и доживувањето на клиентите.

## ПРЕМИУМ ВИНА И ПЕНЛИВО ВИНО

Пенливото вино се здоби со популарност во неформалното домашно консумирање за време на пандемијата, а трендот го предводат Prosecco и Champagne. Ова резултираше со зголемување на побарувачката за пенливо вино во САД и Канада. Трендот на премиумизација на виното, кој се карактеризира со став „купи помалку, но подобро", е поттикнат од помладите пијачи на вино кои се повеќе подготвени да ја истражат категоријата. Овој тренд на барање висококвалитетни, врвни вина и уникатни вински искуства се очекува да продолжи, нудејќи можности за раст за производителите на премиум-вино.

> „Еколошки прашања и зголемената побарувачка за одржливи производи го поттикнуваат усвојувањето на еколошки практики во винската индустрија"



## НИСКОАЛКОХОЛНИ И АЛТЕРНАТИВНИ ВИНА

Вината со ниска содржина на алкохол имаат подобри перформанси од вината без алкохол на пазарите како што се: САД, Германија, Јапонија и Велика Британија. Дополнително, трендот „помалку, но подобро" создаде можности за алтернативни вина како органски, природни, биодинамични и генерално одржливи, произведени вина. Овие вина резонираат со здравствените и еколошките грижи на помладите генерации и се добро позиционирани да профитираат од промена кон премиумизација.

## ЕКОНОМСКИ ПРЕДИЗВИЦИ И ПОТРОШУВАЧКИ СЕНТИМЕНТ

Неизвесната глобална економска перспектива претставува предизвик за винската индустрија. Додека поголемиот дел од оние кои пијат вино остануваат уверени во нивната способност да се справат со личните финансии, многумина ги намалуваат трошоците за вино. Европските потрошувачи, особено, очекуваат да купуваат помалку и поевтини вина во блиска иднина. Сепак, долгорочните изгледи за глобалната популација која пие вино останува оптимистичка, и покрај тоа што е потребна краткорочната претпазливост.

## ОРГАНСКИ ВИНА И ОДРЖЛИВОСТ

Загриженоста за животната средина и зголемената побарувачка за одржливи екопроизводи го поттикнуваат усвојувањето на еколошки практики во винската индустрија. Производителите се фокусираат на органски и биодинамични вина, користат иновативни решенија за пакување и имплементираат енергетски ефикасни методи на производство за да го минимизираат нивниот еколошки отпечаток.

## ПАЗАРИ ВО РАЗВОЈ И НОВИ ПОТРОШУВАЧИ

Глобалниот пазар на вино се шири во економиите во развој како во: Кина, Индија и Бразил. Како што расте средната класа во овие региони, расте и побарувачката за вино. Производителите ги таргетираат овие нови потрошувачи со адаптирани маркетинг-кампањи и вина специјално дизајнирани за да ги задоволат нивните вкусови и културни преференци.

## ИНОВАЦИИ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ВИНО

Технолошките достигнувања им овозможуваат на винарите да експериментираат со нови методи за подобрување на квалитетот и конзистентноста на нивните производи. Иновациите како што се прецизното лозарство, одлучувањето засновано на вештачка интелигенција и алтернативните техники на ферментација, го преобликуваат процесот на производство на вино.

*Извор: Tikveš and IWSR - Key trends for wine in 2023 and beyond*

TIKVEŠ
SINCE 1885



SKOPJE JAZZ FESTIVAL
2022



# „Тиквеш“ чекори напред

ТИКВЕШ | ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2022

# „Тиквеш“ чекори напред

Во срцето на нашата филозофија за производство на вино, лежи посветеност кон: извонредност во лозарството, одржливи практики и создавањето вински брендови. Нашата соработка со светски признаени центри за лозарство, како што се Универзитетот Монпеље во Франција и компанијата Perlevue во Италија, гарантира дека ќе останеме во првите редови на најсовремените светски винарници.

Посветени сме на производството на органски и биодинамични вина, користејќи одржливи практики во секој чекор од процесот на производство. Во „Винската школа Тиквеш“, го вградуваме најдоброто од нашето наследство, додека континуирано учиме од искуствата на нашиот енолошки тим во реномирани центри за производство на вино ширум светот, вклучувајќи ги: Франција, Австралија и Нов Зеланд.

Нашите вински брендови се засновани на уникатност во вкусот, добиен со оригинални мешавини на локални и меѓународни сорти од истакнати тероари со исклучителен потенцијал во Франција и Македонија. Овој пристап ни овозможува да им понудиме на нашите клиенти разновиден и неспоредлив избор на вина, секое со свој посебен карактер и приказна.

Одржливоста е во сржта на нашите операции, бидејќи се стремиме да бидеме компанија во согласност со ESG, со јасна мисија: постигнување целосна декарбонизација до 2050 година. Оваа посветеност, не само што ја одразува нашата грижа за животната средина туку и ја зацврстува нашата репутација како одговорна и напредна – компанија која размислува за доброто на планетата и идните генерации.



Прифаќајќи ги иновациите, се трансформираме во организација која носи одлуки врз основа на анализи на податоци и информации, користејќи напредна технологија и аналитика за да го оптимизира одлучувањето, да ги рационализира операциите и да ја подобри севкупната ефикасност. Ова ќе ни овозможи подобро да ги предвидиме трендовите на пазарот, да се прилагодиме на потребите на клиентите и да испорачаме производи и услуги со највисок квалитет.

Централно место за нашиот успех е: развивањето силни партнерства со нашите клиенти, креирање незаборавни искуства за нашите потрошувачи и тесно партнерско поврзување со локалните заедници во кои оперираме. Тежнеењето кон извонредност, константното иновирање и примената на одржливи практики во работењето, се принципи кои ќе нè одржат на лидерската позиција во винската индустрија во регионот.

Тиквеш останува посветен на растот и развојот на интернационалните пазари, со посебен фокус на регионот ЈИЕ (Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Бугарија и Албанија). Целта е задржување на пазарниот удел и подобрување на производниот микс (со очекувана премиумизација) на домашниот пазар и искористување на можностите за промоција и подобрување на меѓународните продажни пазари.

**“Посветени сме на производството на органски и биодинамични вина.”**





# Финансиски извештаи

ТИКВЕШ | ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2022

# Консолидирани финансиски извештаи – 2022 година

**Винарска Визба ТИКВЕШ АД - Кавадарци**
**КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ за годината која завршува на 31 декемі**

| | 2022 (000) МКД | 2021 (000) МКД |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 2,784,314 | 2,094,436 |
| Дадени попусти и дисконти | (555,402) | (176,236) |
| **Нето приходи од продажба** | **2,228,912** | **1,918,200** |
| Трошоци на продадени производи | (1,107,686) | (947,357) |
| **БРУТО ДОБИВКА** | **1,121,225** | **970,843** |
| Останати оперативни приходи | 118,078 | 60,232 |
| Дистрибутивни (продажни) расходи | (272,752) | (226,712) |
| Административни расходи | (185,141) | (125,693) |
| Останати оперативни расходи | (538,727) | (502,563) |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА** | **242,682** | **176,106** |
| Приходи (расходи) од финансирање | (21,485) | (17,728) |
| Капитални добивки (загуби) | - | - |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **221,197** | **158,378** |
| Расход за данок од добивка | (28,470) | (21,573) |
| **НЕТО ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ПЕРИОДОТ** | **192,727** | **136,805** |
| **Нето добивка (загуба) на:** | | |
| Сопствениците на матичното друштво | 192,570 | 136,754 |
| Неконтролираното учество во подружниците | 157 | 51 |
| | **192,727** | **136,805** |
| **Основна заработувачка по акција (во МКД)** | **713** | **506** |

**Анализа на Билансот на успех и трошоците според природата и видот на трошоците за 2022 и 2021 година, е како што следува:**

| | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 2,228,912 | 1,918,200 |
| Останати оперативни приходи | 118,078 | 60,232 |
| Промени во залихи на готови производи | 130,398 | (84,561) |
| Суровини и материјали | (1,076,684) | (740,219) |
| Амортизација | (114,398) | (103,271) |
| Трошоци за вработени | (249,143) | (176,189) |
| Останати оперативни расходи | (794,480) | (698,085) |
| **Оперативна добивка** | **242,682** | **176,106** |

Во 2022 година се остварија консолидирани вкупни приходи од продажба во износ од 2.784 мил. денари. Во однос на 2021 година забележаа зголемување од 33%. Зголемувањето на приходите се должи од зголемени приходи генерирани на домашниот пазар за 16% и зголемени приходи генерирани од странски пазари за 49%.

Се оствари консолидирана оперативна добивка од 242,5 мил. денари или зголемување за 38% во однос на 2021 година и консолидирана нето добивката од редовното работење пред оданочување во износ од 221 мил. денари. и нето добивка по оданочување во износ од 192,7 мил. денари.

Винарска Визба ТИКВЕШ АД - Кавадарци
**КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА на ден 31**

| | 2022 (000) МКД | 2021 (000) МКД |
|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | |
| **Нетековни средства** | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 1,416,249 | 1,373,344 |
| Нематеријални средства | 9,847 | 9,227 |
| Дадени заеми | 216,537 | 130 |
| Вложувања расположливи за продажба | 29,025 | 28,805 |
| **Вкупно нетековни средства** | **1,671,657** | **1,411,506** |
| **Тековни средства** | | |
| Залихи | 1,158,212 | 992,388 |
| Побарувања од продажба | 760,483 | 678,016 |
| Побарувања за дадени аванси | 42,297 | 36,492 |
| Дадени позајмици | 133,338 | 153,283 |
| Останати краткорочни средства и АВР | 52,827 | 42,550 |
| Парични средства | 91,511 | 210,432 |
| **Вкупно тековни средства** | **2,238,668** | **2,113,161** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **3,910,325** | **3,524,667** |
| **ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | | |
| **Главнина** | | |
| Акционерски капитал | 842,962 | 842,962 |
| Премии на емитирани акции | 169,135 | 169,135 |
| Резерви | 105,527 | 105,538 |
| Ревалоризациони резерви и друго | 28,795 | 28,575 |
| Акумулирана добивка | 1,190,293 | 997,723 |
| **Главнина на сопствениците на Друштвото** | **2,336,712** | **2,143,933** |
| Неконтролирано учество | (583) | (740) |
| **Вкупно главнина** | **2,336,129** | **2,143,193** |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни кредити и наеми | 293,024 | 392,407 |
| Одложени приходи од грантови | 23,134 | 21,931 |
| Резервирања за трошоци | 14,029 | 14,029 |
| **Вкупно нетековни обврски** | **330,187** | **428,367** |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачи | 914,458 | 708,613 |
| Краткорочни кредити | 78,471 | - |
| Тековна доспеаност на долгорочни обврски | 189,584 | 193,675 |
| Останати краткорочни обврски и ПВР | 61,497 | 50,819 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1,244,009** | **953,107** |
| **Вкупно обврски** | **1,574,196** | **1,381,474** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | **3,910,325** | **3,524,667** |

**Винарска Визба ТИКВЕШ АД - Кавадарци**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА на ден 31 декември**

| | 2022<br>(000) МКД | 2021<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | |
| **Нетековни средства** | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 1,363,043 | 1,317,820 |
| Нематеријални средства | 8,915 | 7,892 |
| Дадени заеми | 76,454 | 130 |
| Вложувања во подружници | 112,586 | 112,278 |
| Вложувања расположливи за продажба | 29,025 | 28,805 |
| **Вкупно нетековни средства** | **1,590,023** | **1,466,925** |
| **Тековни средства** | | |
| Залихи | 1,138,287 | 973,395 |
| Побарувања од продажба | 819,305 | 767,774 |
| Побарувања за дадени аванси | 42,297 | 36,485 |
| Дадени заеми | 173,960 | 201,747 |
| Останати краткорочни средства и АВР | 35,059 | 24,245 |
| Парични средства | 30,981 | 40,232 |
| **Вкупно тековни средства** | **2,239,888** | **2,043,877** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **3,829,911** | **3,510,802** |
| **ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | | |
| **Главнина** | | |
| Акционерски капитал | 842,962 | 842,962 |
| Премии на емитирани акции | 169,135 | 169,135 |
| Резерви | 105,863 | 105,863 |
| Ревалоризациони резерви и друго | 28,795 | 28,575 |
| Акумулирана добивка | 1,373,169 | 1,189,143 |
| **Вкупно главнина** | **2,519,924** | **2,335,678** |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни кредити и наеми | 293,024 | 392,407 |
| Одложени приходи од грантови | 14,648 | 12,985 |
| Резервирања за судски спорови | 14,029 | 14,029 |
| **Вкупно нетековни обврски** | **321,701** | **419,421** |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачи | 669,556 | 521,407 |
| Краткорочни кредити | 78,471 | - |
| Тековен дел на долгорочни кредити | 189,584 | 193,675 |
| Останати краткорочни обврски и ПВР | 50,675 | 40,621 |
| **Вкупно тековни обврски** | **988,286** | **755,703** |
| **Вкупно обврски** | **1,309,987** | **1,175,124** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | **3,829,911** | **3,510,802** |

# Поединачни финансиски извештаи – 2022 година

**Винарска Визба ТИКВЕШ АД - Кавадарци**
**БИЛАНС НА УСПЕХ за годината која завршува на 31 декември**

| | 2022 (000) МКД | 2021 (000) МКД |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 2,691,946 | 1,941,201 |
| Дадени попусти и дисконти | (557,302) | (176,217) |
| **Нето приходи од продажба** | **2,134,644** | **1,764,984** |
| Трошоци на продадени производи | (1,108,746) | (947,378) |
| **БРУТО ДОБИВКА** | **1,025,898** | **817,606** |
| Останати оперативни приходи | 101,870 | 45,249 |
| Дистрибутивни (продажни) расходи | (272,223) | (226,080) |
| Административни расходи | (157,869) | (106,229) |
| Останати оперативни расходи | (465,337) | (347,293) |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА** | **232,339** | **183,253** |
| Приходи (расходи) од финансирање | (22,302) | (17,240) |
| Капитални добивки (загуби) | - | - |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **210,037** | **166,013** |
| Расход за данок од добивка | (26,011) | (21,576) |
| **НЕТО ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ** | **184,026** | **144,437** |
| **Основна заработувачка по акција (во МКД)** | **680** | **534** |

**Анализа на Билансот на успех и трошоците според природата и видот на трошоците за 2022 и 2021 година, е како што следува:**

| | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 2,134,644 | 1,764,984 |
| Останати оперативни приходи | 101,870 | 45,249 |
| Промени во залихи на готови производи | 130,398 | (84,561) |
| Суровини и материјали | (1,059,533) | (728,408) |
| Амортизација | (111,014) | (100,663) |
| Трошоци за вработени | (221,871) | (156,725) |
| Останати оперативни расходи | (742,155) | (556,623) |
| **Оперативна добивка** | **232,339** | **183,253** |

Се реализираа вкупни приходи од продажба во износ од 2.691,9 мил. денари т.е зголемување од 39% во однос на 2021 година. Зголемувањето на приходите се должи на зголемени приходи генерирани од домашниот пазар за 16% и од странските пазари за 64%.

Зголемените административни трошоци, трошоци за продажба и маркетинг и останатите оперативни расходи за 32% резултираа со оперативна добивка од 232,3 милиони денари.

Остварена е нето добивката од редовното работење пред оданочување во износ од 210 мил. денари и нето добивка по оданочување во износ од 184 мил. денари.

**TIKVES WINERY AD - Kavadarci**
**STATEMENT OF FINANCIAL POSITION as at 31 December**

| | Notes | 2022 (000) MKD | 2021 (000) MKD |
|---|---|---|---|
| **ASSETS** | | | |
| **Non-current assets** | | | |
| Property, plant and equipment | 17 | 1,363,043 | 1,317,820 |
| Intangibles assets | 18 | 8,915 | 7,892 |
| Long-term loans | 23 | 76,454 | 130 |
| Investments in subsidiaries | 19 | 112,586 | 112,278 |
| Investments available for sale | 19 | 29,025 | 28,805 |
| **Total non-current assets** | | **1,590,023** | **1,466,925** |
| **Current assets** | | | |
| Inventories | 20 | 1,138,287 | 973,395 |
| Trade receivables | 21 | 819,305 | 767,774 |
| Receivables for advances | 22 | 42,297 | 36,485 |
| Short-term loans | 23 | 173,960 | 201,747 |
| Other short term assets and prepaid expenses | 24 | 35,059 | 24,245 |
| Cash and cash equivalents | 25 | 30,981 | 40,232 |
| **Total current assets** | | **2,239,888** | **2,043,877** |
| **TOTAL ASSETS** | | **3,829,911** | **3,510,802** |
| **EQUITY AND LIABILITIES** | | | |
| **Equity** | | | |
| Shareholders capital | 26 | 842,962 | 842,962 |
| Share premium (additional paid in capital) | | 169,135 | 169,135 |
| Reserves | | 105,863 | 105,863 |
| Revaluation and other reserves | | 28,795 | 28,575 |
| Accumulated income | | 1,373,169 | 1,189,143 |
| **Total equity** | | **2,519,924** | **2,335,678** |
| **Non-current liabilities** | | | |
| Long-term borrowings and leases | 29 | 293,024 | 392,407 |
| Deferred income from grants | 28 | 14,648 | 12,985 |
| Provision for litigation claims | 34 c | 14,029 | 14,029 |
| **Total non-current liabilities** | | **321,701** | **419,421** |
| **Current liabilities** | | | |
| Trade payables | 30 | 669,556 | 521,407 |
| Short-term borrowings | 31 | 78,471 | - |
| Current maturity of long-term borrowings | 31 | 189,584 | 193,675 |
| Other current payables and accrued expenses | 27 | 50,675 | 40,621 |
| **Total current liabilities** | | **988,286** | **755,703** |
| **Total liabilities** | | **1,309,987** | **1,175,124** |
| **TOTAL EQUITY AND LIABILITIES** | | **3,829,911** | **3,510,802** |

On 24 April 2023, the Company's Steering Board has approved these financial statements and proposed them to the Shareholders Assembly.

**TIKVES WINERY AD - Kavadarci**
**CASH FLOW STATEMENT for the year ended at 31 December**

| Cash flow from operating activities | Notes | 2022 (000) MKD | 2021 (000) MKD |
|---|---|---|---|
| **Profit (loss) before taxation** | | **210,037** | **166,013** |
| **Adjustment for:** | | | |
| Depreciation of property, plant and equipment | 17;18 | 111,014 | 100,663 |
| Interest expense (income), net | 14 | 20,184 | 18,228 |
| Income from write-off payables | 10 | (590) | (3,882) |
| Amortization on deferred grants | 28 | (3,088) | (3,088) |
| Impairment losses for bad receivables | 13 | 477 | 10,652 |
| Write off of other receivables | 13 | 291 | - |
| Write off of short-term loans | 13 | 1,504 | - |
| Impairment and write off receivables for advances | 22 | 5,855 | - |
| Expenses for donations on fixed assets | 17 | - | 412 |
| Capital gain (loss) from disposed fixed assets | 13 | - | 631 |
| **Profit (loss) before changes in operating assets** | | **345,684** | **288,998** |
| Trade receivables | | (52,008) | (163,827) |
| Receivables for advances | | (11,667) | (7,163) |
| Other current assets and prepaid expenses | | (11,105) | (5,173) |
| Inventories | | (164,892) | 94,998 |
| Trade payables | | 148,739 | 91,984 |
| Other current liabilities and accrued expenses | | 11,357 | 6,317 |
| **Net cash used in operations** | | **266,108** | **306,134** |
| Paid interest | | (21,678) | (19,642) |
| Paid income tax | | (22,563) | (22,373) |
| **Net cash flows from operating activities** | | **221,867** | **264,119** |
| **Cash flow from investing activities** | | | |
| Cash inflows (outflows) from sales of investments | | (308) | - |
| Loans given/collected, net | 23 | (50,041) | (55,845) |
| Interest proceeds | 14 | 50 | 7 |
| Dividend proceeds | 14 | 1,444 | 1,405 |
| Acquisition of property, plant and equipment | 17 | (155,192) | (149,664) |
| Acquisition of licences | 18 | (2,068) | (903) |
| Proceeds from disposed property, plant and equipment | 17 | - | - |
| **Net cash flows from investing activities** | | **(206,115)** | **(205,000)** |
| **Cash flow from financing activities** | | | |
| Dividends paid | | - | - |
| Proceeds (repayment) of long-term borrowings | 29 | (103,474) | 5,334 |
| Proceeds (repayment) of short-term borrowings | 31 | 78,471 | (40,000) |
| **Net cash flows from financing activities** | | **(25,003)** | **(34,666)** |
| **Net increase (decrease) of cash and cash equivalents** | | **(9,251)** | **25,084** |
| **Cash and cash equivalents at the beginning of the year** | **25** | **40,232** | **15,148** |
| **Cash and cash equivalents at the end of the year** | **25** | **30,981** | **40,232** |

tikves.com.mk

